Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје
Институт за агроекономика

# Менаџмент во сточарското производство

доц. д-р Ана Котевска

Скопје, 2012

## Содржина


- СТОЧАРСТВО
  - Економско значење на сточарството
  - Значење на сточарството
  - Развој на сточарското производство
  - Сточарско производство
- МЕНАЏМЕНТ
  - Менаџмент и менаџер
  - Дефиниција на менаџментот
  - Мерење на успешноста (Ефикасност и Ефективност)
  - Функции на менаџментот
  - Нивоа на менаџментот
  - Менаџмент вештини
  - Менаџментот и опкружувањето
  - Специфичности на земјоделското производство
- Литература
- Прашања за учење




Сточарство...

...е гранка на земјоделското производство којашто се однесува на одгледување на домашните животни за добивање на економска корист, производи за хумана исхрана, суровини, работна сила итн.

## СТОЧАРСТВО

## Економско значење на сточарството

- **Стратешка гранка на земјоделското производство**
  - Органска врска со сите растителни гранки
  - Влијае на покачување на приносите и продуктивноста кај сите грнаки на земјоделството
- **Учество во БДП**
- **Учество во извозот на земјоделски производи**
- **Предност во однос на растителното производство**
  - Постојано користење на трудот и средствата на трудот
  - Порамномерен прилив на производство и приходи во текот на годината.



## Значење на сточарството (1)

- **За производство на сточарски производи**
  - Сточарски производи за исхрана на населението
    - Млеко, месо, јајца, маст и др.
    - Преработки
  - Сточарски производи како суровина за индустрија
    - Прехранбена индустрија (месна индустрија, кланици со ладилници, млекарска индустрија)
    - Текстилна индустрија (за предено, ткаенини, теписи, конфекција)
    - Кожарска индустрија (кожа, обувки, кожна галантерија)



## Значење на сточарството (2)

- **За искористивање на земјишните капацитети**
  - Искористување на ливадите и пасиштата како природни извори на добиточна храна и нејзино трансформирање во производи со повисока вредност.
  - Површини со пасишта и ливади
    - Пасишта 611.000 ха (55% од вкупна земј.површина)
    - Ливади 59.000 ха (5% од вкупна земј.површина)
  - Оранични површини за производство на добиточна храна (36.000 ха или 9% од ораничните површини)
    - луцерка, детелина, добиточен грашок, граор, фуражна пченка, добиточна репа
  - Производство на легуминози за потребите на сточарството
    - Зголемување на приносите на културите што следледуваат
  - Производство на арско ѓубре
    - Одржување на плодноста на почвата и зголемување на приносите на хектар

# Значење на сточарството (3)

- **Искористување на споредни производи и отпадоци од растителносто производство**
  - Слама, плева, пченкова шума, лист и глави од шеќерна репа)
  - Отпадоци од прехранбената индустрија (ќуспиња, меласа, резанки, трици)
  - Од млекарници, ресторани и сл.
- **За влачна сила за извршување разни работни процеси во земјоделството и други дејности**
  - Работен добиток (говеда, коњи, биволи, мулиња, маски и магариња)
  - Запрежен или товарен добиток

7

# Развој на сточарското производство

**ВЕРИЖНИ ИНДЕКСИ НА СТОЧАРСКОТО ПРОИЗВОДСТВО**

Претходна година = 100

| | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 |
|---|---|---|---|---|---|
| Говедарство | 112 | 111 | 101 | 94 | 105 |
| Овчарство | 116 | 137 | 103 | 96 | 106 |
| Свињарство | 119 | 157 | 100 | 83 | 106 |
| Живинарство | 106 | 83 | 86 | 105 | 119 |

# Сточарско производство

| | Производство на месо, тони | | | Вредност |
|---|---|---|---|---|
| **Говедско месо** | 6082 | | | |
| **Свинско месо** | 8292 | | | |
| **Овчо месо** | 4786 | | | |
| **Живинско месо** | 3236 | | | |
| **Друго месо** | 875 | | | |
| | Број на молзни грла | Просек по грло, литри | Производство, 000 литри | Вредност |
| **Кравјо млеко** | 124553 | 2787 л | 347103 | |
| **Овчо млеко** | 536529 | 60 | 32157 | |
| **Козјо млеко** | 56638 | 266 | 15074 | |
| | Број на стрижени овци | Просек по грло, кг | Производство, тони | Вредност |
| **Волна** | 645577 | 1,6 | 1025 | |
| | Број на несилки | Просек по кокошка, парчиња | Производство, 000 парчиња | Вредност |
| **Јајца** | 1688381 | 199 | 335820 | |
| | Број на пчелни | Просек по пчелно | | |

**Менаџмент...**

...е универзален процес на ефективно и ефикасно извршување на работата со помош на други луѓе и ангажирање на ресурсите во остварување на однапред дефинираните цели на претпријатието

# МЕНАЏМЕНТ

# Мерење на перформансите на менаџментот

**Ефикасност *vs.* Ефективност**

- **Ефикасност**
  - Мерило за тоа колку добро или колку продуктивно се користени ресурсите за остварување на целта
  - **Цел**: минимизарање на влезни ресурси или време
- **Ефективност**
  - Мерило за соодветноста на целите одбрани да се извршуваат и степенот на нивно остварување.
  - **Цел**: соодветни цели и поголем степен на нивно остварување.




11

**Ефикасност, ефективност и перформанси во организацијата**

| Ефективност | | Ниска ефикасност | Висока ефикасност |
|---|---|---|---|
| | Висока | **Ниска ефикасност – Висока ефективност**<br>Менаџерот избира правилни цели, но работи со слаба употреба на ресурси за да ги оствари.<br>**Резултат**: производ кој го сакаат купувачите, но е многу скап за да го купат. | **Висока ефикасност - Висока ефективност**<br>Менаџерот избира правилни цели и добро ги употребува ресурси за да ги оствари тие цели.<br>**Резултат**: производ кој го сакаат купувачите, со квалитет и цена коишто можат да си ги дозволат. |
| | Ниска | **Ниска ефикасност – Ниска ефективност**<br>Менаџерот избира несоодветни цели и работи со слаба употреба на ресурси за да ги оствари.<br>**Резултат**: производ со низок квалитет кој што купувачите не го сакаат. | **Висока ефикасснот – Ниска ефективност**<br>Менаџерот избира несоодветни цели, но добро ги употребува ресурси за да ги оствари тие цели.<br>**Резултат**: производ со висок квалитет којшто купувачите не го сакаат. |
| | | Ниска | Висока |
| | | **Ефикасност** | |

Извор: Jones G.R. George J.M (2008): Современ менаџмент, (превод), Стр. 7

# Функции на менаџментот

- Ако менаџментот е универзален процес на ефективно и ефикасно извршување на работата со помош на други луѓе и ангажирање на ресурсите во остварување на однапред дефинираните цели на претпријатието, што е задача на менаџерот?
- **Планирање**
  - какви цели да се извршуваат?
  - какви акции да се преземат (во која насока)?
  - како да се користат ресурсите за да се остварат целите?
- **Организарање**
  - Структурирање на работните односи со цел полесно да се остварат организацикните цели.
- **Координирање**
  - Помагаат на вработените да ја разберат улогата која ја имаат во остварувањето на организациските цели
- **Контрола**
  - Оценување колку добро се остваруваат организациските цели и преземање акција за одржување или подобрување на извршувањето

# Функции на менаџментот

**Која функција е поважна?**

| | Henri Fayol | Henry H. Albers | Stephen Robbins, Debu Mukerji | Harold Koontz, Cyril O'Donnell | Howard M. Carlisle | Theo Haiman, Wiliam G. Scott | Ernest Dale | Wiliam T. Greenwood | Herbert G.Hicks, Ray C. Gullett | Joseph L. Massie |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Планирање** | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| **Организирање** | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| Екипирање кадри | | X | | X | X | X | X | X | | X |
| Насочување | | X | | X | X | | X | X | | X |
| **Контролирање** | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |
| Раководење | | | X | | | | | X | | |
| Претставување | | | | | X | | X | | | |
| Влијание | | | | | | X | | | | |
| Иновирање | | | | | | | X | | | |
| Одлучување | | | | | | | | X | | X |
| Креирање | | | | | | | | | X | |
| Мотивирање | | | | | | | | | X | |
| Комуницирање | | | | | | | | | X | X |
| Командување | | X | | | | | | | | |
| Координирање | | X | | | | | | | | |

# Нивоа на менаџмент

Врвен менаџмент

Среден менаџмент

Менаџмент на пониско ниво




# Функциите на менаџмент според нивоата на менаџмент

Време коешто менаџерите го трошат во обавувањето на функциите на менаџментот






# Менаџерски вештини

- **Концепциски вештини**
  - Способност да се анализира и дијагностицира ситуацијата и да се прави разлика помеѓу причина и последица
- **Човечки вештини**
  - Способност да се разбере, промени, води и контролира однесувањето на другите поединци и груп
  - Преку развивање на способностите за комуникација, координација и мотивација на луѓето
- **Технички вештини**
  - Специфични вештини , знаења и техники потребни за извршување на организациската улога



# Менаџерски вештини според нивоата на менаџмент

✓Кои менаџерски вештини се нај/позначајни?

✓Како, каде и кога се развиваат овие вештини?



## Менаџментот и опкружувањето

- Затворен vs. отворен систем
- Стабилно vs. динамичко опкружување
- Интерно, посебно (потесно) и општо (пошироко) опкружување




19

## Агроменаџмент — Специфичности на земјоделското производство

1. **Предмет на трудот:** масата на производот се создава главно во самиот процес на производство како последица на растењето на растенијата и животните
2. **Средствата на трудот** се специфични по структура и организација на користење:
   - ❑ Земјоделските машини се движат по предметот на трудот
   - ❑ Земјиштето како основно средство претставува
     - Локација и производен фактор
     - Неподвижност, неразмноживост, непотрошивост
3. **Природни фактори**
   - ❑ Земјиште (плодност, положба кон пазар и сообраќајни врски)
   - ❑ Клима (температура и влажност на воздух, врнежи, ветрови, должина на вегетациски период)
   - ❑ Биолошки капацитет

20

## Агроменаџмент — Специфичности на земјоделското производство

4. **Процес на земјоделското производство**
   - ❑ **Сезонски карактер**
     - Нерамномерно вклучување на средства (капитал, опрема, труд)
     - Потреба за порационално користење на средства за работа и суровини и
     - Потреба за прилагодување на сезонскиот карактер
     - Пласман на производите
     - Складирање и транспорт - делумно решение
     - Производителите не можат да бидат строго специјализирани само на една операција
     - Потреба за намалување на ризикот
     - Помал обрт на средства во однос на останатите индустрии
     - Индустријализација
   - ❑ **Непрекинливост**
     - Слаба флексибилност кон промени на пазарот
     - Потреба од прилагодување

21

## Агроменаџмент — Специфичности на земјоделското производство

5. **Општествено-економски услови**
   - ❑**Макроекономска политика** (развиеност на пазарот, политика на формирање на цени, инвестициона и кредитна политика, развиеност на други индустрии поврзани со земјоделството, надворешно-трговската политика...)
   - ❑**Аграрна политика** (имотни односи, здружување, закони и регулативи...)
   - ❑**Научно-технолошки развој** (биолошки, механизацикси и организациски)
   - ❑**Културно-техничкото ниво на образованост и животниот стандард на населението**
   - ❑**Глобализација**

22

## Агроменаџмент — Специфичности на сточарското производство

1. **Единица мерка:** грло, легло, условно грло, условно молзна крава, 1000 птици
2. **Временски период:** календарска година, турнус, производен век
3. **Голем број на производи**: подмалдок за репродукција, подмладок за тов, товени грла, готови земјоделски производи (млеко, млеко, јајца), прираст, волна, сирење и други преработени производи, излачени машки и женски грла
4. **Замена на основното стадо**: од сопствено производство или купени
5. **Сточна храна**: од сопствено производство или купена
6. **Основни и помошни сточарски објекти:** штали, хранилишта, поилишта, опрема за молење и сл.

23

## Литература


1. Gareth R. Jones, Jennifer M. George: *Современ менаџмент*. (превод). Глобал комуникации. Скопје, 2008. стр. 2-41
2. Тодор Галев, Богдан Арсовски: *Организација на земјоделските стопанства и организација на сточарското производство*. Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Скопје, 1990, стр. 4-12, 232-240
3. Белковски Н., Д. Димитриевски: *Планирање и проектирање во земјоделството*. Основен учебник. Култура: Скопје, 2005, стр. 163-165
4. Тодор Кралев: *Основи на менаџментот*. Центар за интернационален менаџмент. Скопје, 1995, стр. 5-27


24

Прашања за учење